Врз основа на член 48 и 49 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018) и согласно Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.02-2987 од 09.10.2020 година и Измените на Правилникот за систематизација бр. 02-3769/9 од 25.12.2020 година, бр.02-268/1 од 27.01.2021 година, 02-763/1 од 01.03.2021 година, бр.02-835/2 од 05.03.2021 година, бр.02-1361/1 од 29.04.2021 година, бр.02-1255/8 од 28.07.2021 година, бр.02-2794/1 од 19.11.2021 година, бр.02-3112/1 од 28.12.2021 година, бр.02-696/5 од 24.02.2022 година и бр.02-1713/2 од 08.07.2022 година,, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 02/2023**
**за пополнување на работно место со унапредување**

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија објавува Интерен оглас за унапредување на едно (1) лице административен службеник, за следното работно место:

**1. АВР0102Б03002 Помошник-раководител на сектор за активни мерки за вработување, Сектор за активни мерки и услуги за вработување, Централна служба - 1 (еден) извршител;**

**Посебни услови:**
- Ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII /1 степен: Правни науки, Економски науки или Социологија,
- Најмалку четири (4) години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест (6) години работно искуство во струката од кои најмалку две (2) години на раководно место во приватен сектор.

**Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На Интерниот оглас може да се пријави административен службеник вработен во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како и да ги исполнува следните услови:

- да е оценет со оцена „А„ или „Б“ при последното оценување на кое бил оценуван;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Паричниот нето износ на платата за работните места од реден број 1 изнесува: 35.456,00 денари.
Дневно работно време: од 07.30 до 15:30 часот
Работни денови: Понеделник – Петок
Неделно работно време: 40 часа

Рокот за поднесување на пријавите со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на web страната на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата, кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку Архивата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија – Централна служба и до службената електронска адреса на Секторот за управување и развој на човечки ресурси (coveckiresursi@av.gov.mk).

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Напомена: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.